Февруар
2023

# Службен гласник на општина Пласница

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ - PLASNİTSA BELEDİYESİ
Бр.-No. 03- 101/1
14.02 2023 год.- yıl.
ПЛАСНИЦА - PLASNİTSA

# Број 1/2023 година примерокот е бесплатен

17-11-1996

| |
|---|
| *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*<br>*НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА* |
| *opstina_plasnica@yahoo.com*<br>*045/287-086*<br>*045/207-087* |

*СОДРЖИНА*

1. Заклучок за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пласница за 2023 година ...........................................................................................3
2. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиска помош за Република Турције.............................................................................................................................5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пласница за 2023 година**

1. Се прогласува, Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пласница за 2023 година, бр.08-89/3, донесена од Советот на општина Пласница на ден 09.02.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Пласница".

**Број 09-100/1**
**14.02.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21) Советот на Општина Пласница на 1-та вонредна седница одржана на 09.02.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пласница**

**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пласница за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | | |
| 412110 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен весник на Општина Пласница и станува составен дел на Буџетот на општината за 2023 година.

Бр. 08-89/3
09.02.2023

Претседател на Советот на Општината
**Амел Рамески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за доделување на финансиска помош за Република Туркије**

1. Се прогласува, Одлука за доделување на финансиска помош за Република Туркије, бр.08-89/4, донесена од Советот на општина Пласница на ден 09.02.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 09-100/2**
**14.02.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/2002 година) и член 17 став 1 точка 2 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2006 и 03/2019 год), Советот на општина Пласница на седница одржана на ден 09.02.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиска помош за Република Туркије**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиска помош за Република Туркије, за настраданите од катастрофалниот земјотрес на 06.02.2023 година.

**Член 2**

Општина Пласница за настраданите од земјотресот ќе упати финансиска помош во вкупен износ од 100.000,00 денари.

Финансиските средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Пласница, Програма А0 Совет на општина, конто 412110, сметка 270064153850769, МАТТО, помош за настраданите од земјотресот во Република Туркије.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-89/4**
**09.02.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**